# АВАРИКОН® ГЕЛ

**Пред употреба на граничниот производ, внимателно прочитајте го упатството.**
• Пред употреба на граничниот производ внимателно прочитајте го упатството бидејќи содржи важни информации за Вас.
• Овој граничен производ се издава без рецепт за третман (ублажување) на полесни здравствени проблеми за кои не е потребен совет од лекар. Меѓутоа, и покрај тоа, **Аварикон® гел** треба да го употребувате претпазливо (внимателно) за да Ви биде што повеќе од корист.
• Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
• Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт ако Ви се потребни дополнителни информации.

**Упатството содржи:**
1. Што претставува и за што се употребува граничниот производ **Аварикон® гел**
2. Што мора да знаете, пред да го употребите граничниот производ **Аварикон® гел**
3. Како да се употребува граничниот производ **Аварикон® гел**
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на граничниот производ **Аварикон® гел**
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД АВАРИКОН® ГЕЛ

**Аварикон® гел** содржи комбинација на природни активни компоненти (троксерутин, сув стандардизиран екстракт од лист на гинко, сув стандардизиран екстракт од лист на *Centella asiatica*) кои што ги намалуваат тегобите настанати како последица на пореметената венска циркулација во нозете: оток, болка, грчеви, трпнење и боцкање и чувство на “тешки нозе“.
**Аварикон® гел** се употребува и кај повреди на меки ткива на нозете (удари, истегнувања) пратени со болка, отоци и појава на модринки.

## 2. ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО УПОТРЕБИТЕ ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД АВАРИКОН® ГЕЛ

**Немојте да го употребувате граничниот производ Аварикон® гел**

**Аварикон® гел** не смее да го користите ако постои пречувствителност на која било компонента на препаратот.

**Бидете посебно внимателни со граничниот производ Аварикон® гел**

**Аварикон® гел** е наменет исклучително за надворешна употреба, на неоштетена кожа. Да не се нанесува на слузница, на отворени рани, и површини зафатени со егзем.

**Употреба со лекови и други медицински производи**

Не е употребливо

**Земање на Аварикон® гел со храна или пијалок**

Не е употребливо

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да земете било каков лек или граничен производ ако сте бремени, мислите дека сте бремени или планирате бременост.*

Заради недостаток на податоци за делување во тек на бременоста и доењето, неопходно е консултирање со лекар пред да го употребите **Аварикон® гел**.

**Влијание врз способноста за управување моторно возило или ракување со машини**

Не е употребливо.

**Важни информации поврзани со некои од помошните компоненти во граничниот производ Аварикон® гел**

Не е употребливо.

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД АВАРИКОН® ГЕЛ

**Аварикон® гелот** се нанесува во тенок и воедначен слој 2 до 4 пати на ден на заболените места на нозете, со лесна масажа, од долу према горе.

**Ако сте употребиле повеќе Аварикон® гел од препорачаното**
Не е употребливо.

**Ако сте заборавиле да земете Аварикон® гел**
Ако сте заборавиле да го намачкате гелот, направете го тоа кога ќе се сетите.

**Ако наеднаш престанете да земате Аварикон® гел**
Нема никакви штетни дејства доколку нагло престанете со употреба на гелот Аварикон.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите медицински производи и **Аварикон® гел** може да има несакани дејства, иако истите не се јавуваат кај сите пациенти.*

Доколку се јават тие се со поблаг карактер и се повлекуваат веднаш по престанокот на употребата на лекот. Најчести несакани реакции се алергијски реакции, уртикарија, чешање.

Ако било кое од несаканите дејства стане тешко, или ако забележите некои несакани дејства кои не се наведени во ова упатство, ве молиме кажете му на Вашиот лекар или фармацевт.

## 5. ЧУВАЊЕ И РОК НА УПОТРЕБА НА ГРАНИЧНИОТ ПРОИЗВОД

**Чување**
Да се чува на температура до 25ºC, во оригинално пакување, на места заштитени од светлина.
Граничниот производ да се чува на места подалеку од поглед и дофат на деца.

**Рок на употреба**
2 години
Гелот да не се употребува по истекот на рокот на употреба што е назначен на пакувањето.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи граничниот производ Аварикон® гел**

100 g од гелот содржи:
Троксерутин 3 g,
*Ginkgo biloba* сув стандардизиран екстракт од листот 0,15 g (мин. 24% флавоноидни гликозиди и мин. 6% терпени)
*Centella asiatica* сув стандардизиран екстракт од листот 0,10 g (мин. 40% вкупни тритерпени)

**Список на останати состојки:**
Метилпарабен; пропилпарабен; натриум едетат; изопропил алкохол; натриум хидроксид; полиакрилна киселина; вода, пречистена q.s до 100 g

**Како изгледа и што содржи пакувањето на граничниот производ Аварикон® гел**

Проѕирен, хомоген гел, со жолта боја,
Пластична туба од 75 ml, во картонска кутија со упатство за употреба

**Производител на граничниот производ**
Pharmanova д.о.о.
Индустријска 8, 11500 Обреновац, Република Србија

**Носител на одобрението за ставање на граничниот производ во промет**
Претставништво Фарманова Илинден
Ул. 34 бб, Илинден, Република Северна Македонија

**Начин на издавање**
Граничниот производ се издава во аптека, без лекарски рецепт (БР).

**Број и датум на упис во регистарот на гранични производи:**
11-5872/4 од 27.09.2016.

**Датум на последна ревизија на упатството за употреба**
Упатство е одобрено на 27.09.2016.

PHARMANOVA

3203048-4

PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA PHARMANOVA